АФПЗРР

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој
Agjencia për përkrahje financiare në bujqësi dhe zhvillim rural
Бр./Nr. 31-634/1
viti 20 год.
02-03-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОЦЕНКАТА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Скопје, 2022

Систематски опис на предвидената операција за обработка и целите на обработката, вклучително и каде што е применливо, легитимниот интерес што го спроведува контролорот.

Согласно Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/07, 5/09, 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 190/19)

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) обезбедува:

- спроведување на земјоделската политика и поддршка на руралниот развој во Република Македонија,
- користење на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој во согласност со критериумите пропишани во билатералните договори меѓу Република Македонија и Европската унија,
- спроведување на заедничката земјоделска политика на Европската унија во Република Македонија,
- спроведување на заедничката рибарска политика на Европската унија во Република Македонија,
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството и
- спроведување на други мерки кои ги утврдува Владата на Република Македонија.

Наведените политики се спроведуваат преку програми што согласно со закон ги донесува Владата на Република Македонија.

АФПЗРР е надлежна за:

- извршување на мерките за директните плаќања во земјоделството,
- интервенции на пазарот на земјоделски производи,
- имплементација на производните квоти,
- извршување на мерките за рурален развој,
- реализација на средствата од претпристапната помош на Европска унија за рурален развој,
- спроведување на мерките на државна помош во земјоделството и
- вршење на други работи утврдени со закон.

При спроведувањето на политиките и надлежностите АФПЗРР обработува лични податоци во насока на склучување на договори со барателите на финансиската поддршка како и исплата на финансиска поддршка.

Податоците се користат преку комуникациски клиент од Платформата за интероперабилност со која управува Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) која овозможува електронска размена на податоци и документи помеѓу институциите/компниите на стандардизиран, безбеден и унифициран начин. Користењето на податоци помеѓу две институции се одвива според дефинирани стандарди за безбедност, заштита, формат и структура на податоците. МИОА го инсталира и конфигурира комуникацискиот клиент, одржувањето на платформата за интероперабилност е целосно покриено од страна на МИОА. Комуникацискиот клиент од страна на АФПЗРР е во целост отстапен на МИОА за администрација, за цело времетраење на користење на платформата за интероперабилност. АФПЗРР склучува билетерални договори за размената на податоци со други институции, со тоа што ова не е законска обврска и се прави во зависност од тоа што ќе се договорат двете институции.

Податоците ќе се користат во процес на споредбена контрола со критериумите дефинирани во законите и програмите кои ги спроведува АФПЗРР.

Податоците ќе бидат споделувани со МЗШВ како надлежна институција за дефинрање на политиките и програмите кои ги спроведува АФПЗРР, а во насока да се обезбеди следливост на имплементација на програмите, оценување на политиките за потребите на нивно редефинирање и/или креирање на нови.

Непреченоит проток на информации преку платформата за интероперабилност, го намалува времето потребно за пренос на информациите помеѓу институции, со што се олеснува протокот на електронски информации кои се потребни за обезбедување на јавни услуги прилагодени на потребите на граѓаните и бизнисите. Ваквата размена на податоци ја зголемува ефикасноста при работењето и го зголемува задоволството од услугите кои им се нудат.

Платформата за интероперабилност е базирана на Националната рамка за интероперабилност која ги следи европските начела за интероперабилност.

Во однос на ризиците на пристап и обработка на податоците не постои висок ризи со оглед на тоа што комуникацискиот клиент е конфигуриран и инсталиран согласно процедурите за безбедност обезбедени од страна на МИОА со оглед на тоа што комплетната конфигурација на системите ја извршува МИОА.

Во спроведувањето на своите надлежности АФПЗРР нема да користи податоци од посебна категорија чие што неовластено користење преставува кривично дело.

Податоците што ќе се користат се:

- име презиме и ЕМБГ на барател,
- адреса на живеалиште,
- пол,
- датум и место на раѓање,
- трансакциска сметка,
- име и презиме на родители и нивни ЕМБГ,
- адреса на привремен престој,
- државјанство,
- брачен статус и ЕМБГ на брачен другар,
- датум и место на смрт.

Податоците ќе се користат според бројот на кампањите кои кои ќе се реализираат за потребите на спроведување на програмите донесени од ВРСМ. Временскиот рок на чување на податоците е минимум 5 години. Податоците апроксимативно се однесуваат на 80.000 поединци, број кој може незначително да варира од година во година во зависност оф тоа колку поединци ќе се јават за користење на финансиска поддршка преку програмите кои ги спроведува АФПЗРР. Податоците кои се користат се однесуваат на целото географско подрачје на Република Северна Македонија.

АФПЗРР во принцип води постапка низ која мора да обезбеди заштита на правата и остварување на интересите на физичките и правните лица согласно Закон за општа управна постапка (Службен весник на Република Македонија бр. 124/15 и 65/18). Лицата кои поднесуваат барање за користење финансиска поддршка се апсолутно запознати со видот и начинот на користење на нивните податоци. Користените податоци не вклучуваат деца и други ранливи категории на граѓани. Во досегашните искуства не се покажале пропусти и проблеми во делот на обработката на личните податоци. Во

однос на начинот на користењето податоците новина е тоа што истите ќе бидат користени на автоматизиран начин преку системи за информатичко комуникациски технологии. Вработените во АФПЗРР постапуваат согласно Кодексот за административни службеници кој наложува почитување на сите закони и подзаконски акти на Република Северна Македонија. АФПЗРР поседува "Сертификат за функционалност на информацискиот систем и тоа во делот на Интегриран административен контролен систем (ИАКС) со воспоставени безбедносни механизми и полиси и управување со корисници наменет за добивање на податоци во електронска форма на АФПЗРР" издаден од МИОА на 5. Декември, 2013 година со сериски број СФИС 0003.

При обработката на податоците АФПЗРР има за цел да ги постигне следните начела:

- законитост,
- еднаквост, непристрасност и објективност,
- стручност,
- сервисна ориентација,
- одговорност,
- ефикасност и ефективност,
- транспарентност,
- материјална вистина и
- заштита на јавниот интерес.
-

Притоа при обработката на податоците АФПЗРР мора да ги постигне следниве работи:

- прием, евиденција и обработка на барања за финансиска поддршка,
- одобрување на исплата на средства,
- организирање на финансиските, сметководствените и функциите за известување кои се однесуваат на плаќањата согласно со овој закон,
- внатрешна ревизија,
- организирање, спроведување и координирање на административните и технички контроли и контролите на лице место,
- прибирање и обработка на податоци,
- водење бази на податоци и регистри,

- подготовка на извештаи и анализи,
- објавување на огласи за доставување на барања за финансиска поддршка,
- склучување на договори со барателите на финансиската поддршка,
- вршење на поврат на средства и
- други работи утврдени со закон.

Крајниот ефект во однос на корисниците е авторизирана, точна, навремена исплата на финансиска поддршка според програмите донесени од страна на ВРСМ.

Генерално гледано во однос на обработката на податоците во насока на имплементација на програмите донесени од страна на ВРСМ целта е развој и зајакнување на земјоделскиот сектор а со тоа во крајна линија и на севкупната економија на Република Северна Македонија.

Законскиот основ на АФПЗРР за користење и обработка на лични податоци е дефиниран во Закон за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 294/21) во Член 10, Став 1:

(1) Обработката на личните податоци е законита, само ако и до оној степен доколку е исполнет најмалку еден од следните услови.

алинеи 3 и 5:

- обработката е потребна за исполнување на законска обврска на контролорот,
- обработката е потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување на контролорот утврдено со закон.

Со оглед на фактот дека АФПЗРР постигнува висок степен на искористување на буџетите по програмите донесени од страна на ВРСМ, апсолутно може да се констатира дека преку користењето и обработката на личните податоци ефективно и ефикасно ја постигнува својата цел. Со оглед на тоа дека не постои друг начин за проверка на исполнетост на критериумите дефинирани во програмите за користење на финансиска поддршка нема ни алтернативен начин за проверка на истите освен преку обработка на личните податоци. Во однос на спречување на користење на податоците за другу цел различна од примарната, АФПЗРР има назначено Офицер за заштита лични податоци као и сет на документи за заштита на лични податоци одобрени од раководителот на институцијата. Обработувачите на личните податоци, вработените во АФПЗРР имаат

назначени улоги и привилегии за пристап до личние податоци само за лицата чии што предмети ги обработуваат. При вработувањето секое лице потпишува Изјава за доверливост. Квалитеот на податоците го обезбедува институцијата која е надлежна за водење на истите, но доколку АФПЗРР констатира некакви дискрепанци ќе ги извести надлежните институции и ќе ги насочи своите корисници каде и на кој начин да направат корекција на евентуалните неконзистентности во податоците. Во однос на достапноста на информациите АФПЗРР на лицата кои водат било каква управна постапка пред АФПЗРР им обезбедува комплетен увид во нивните списи, додека во јавноста публикува само податоци кои се од јавен интерес а кои не се класификувани во категоријата на лични податоци. АФПЗРР во процесот на комуникацијата со граѓаните ги известува за нивните евентуални проблеми и секогаш дава насоки како истите да ги решат за да ги остварат своите права. Во однос на усогласеноста со националната и и законската регулатива на Европската Унија (ЕУ), АФПЗРР редовно ги следи промените во истата и доколку е потребно врши измени во своите законски и подзаконски акти.

Табела 1: Идентификација и процена на ризици

| Ризик | Веројатност на штета | Сериозност на штета | Севкупен ризик |
|---|---|---|---|
| Физичка сигурност – не авторизиран физички пристап до податоците на поединците | Слаба | Значајна | Среден |
| Логична сигурност – не авторизиран пристап до информациските системи што би овозможило крадење на информациите, компромитирање на интегритетот и доверливоста на информациите на поединецот | Слаба | Значајна | Среден |
| "Backup"/Повраток на податоците од апликациите (барањата поденесени од физичките лица за користење на финансиска поддршка) – губитокот на податоците од апликациите го компромитира интегритетот на податоците од апликацијата на поединецот | Слаба | Значајна | Среден |
| "Backup"/Повраток на документите во електронска форма – губитокот на документите во електронска форма го компромитира интегритетот и доверливоста на истите поднесени од страна на поединецот | Слаба | Значајна | Среден |
| Сигурност на електронска пошта и интернет – не контролирана, не заштитена употреба на информации од поединецот | Слаба | Значајна | Среден |
| План за непрекинато работење – заштита на сите работни процеси чие што прекинување би имало ефект врз интегритетот на податоците на поединецот | Слаба | Значајна | Среден |
| Сервери – соодветна локација, постојана заштита, адекватно одржување, работни процедури, сигурно чување и физички пристап кои ќе обезбедат сигурност на податоците на поединецот во смисла на неавторизиран пристап и/или губење на истите | Слаба | Значајна | Среден |

Табела 2: Идентификување на дополнителни мерки што би можеле да се превземат за намалување или отстранување на ризиците

| Ризик | Опции за намалување или елиминација на ризикот | Ефект врз ризикот | Преостанат ризик | Мерката е одобрена |
|---|---|---|---|---|
| Физичка сигурност – не авторизиран физички пристап до податоците на поединците | Усовршување на процедурите за пристап до ссистем салата за овластени лица. | Намален | Мал | ДА |
| Логична сигурност – не авторизиран пристап до информациските системи што би овозможило крадење на информациите, компромитирање на интегритетот и доверливоста на информациите на поединецот | Се имлементираат нови софтверски решенија кои ја зголемуваат и целокупната безбедноста на системите. | Намален | Мал | ДА |
| "Backup"/Повраток на податоците од апликациите (барањата поденесени од физичките лица за користење на финансиска поддршка) – губитокот на податоците од апликациите го компромитира интегритетот на податоците од апликацијата на поединецот | Агенцијата презема низа активности за усовршување на постоечкиот акредитиран мануелен план за непрекинато работење со имплементација на DRP (Disaster Recovery Plan). | Намален | Мал | ДА |
| "Backup"/Повраток на документите во електронска форма – губитокот на документите во електронска форма го компромитира интегритетот и доверливоста на истите поднесени од страна на поединецот | Се имлементираат нови софтверски решенија кои ја зголемуваат и целокупната безбедноста на системите. | Намален | Мал | ДА |
| Сигурност на електронска пошта и интернет – не контролирана, не заштитена употреба на информации од поединецот | Преземени активности за промена на дел од постоечката застарена хардверска и мрежна опрема со нова се со цел да се намалат ризиците дел од опремата да постане нефункционална. | Намален | Мал | ДА |
| План за непрекинато работење – заштита на сите работни процеси чие што прекинување би имало ефект врз интегритетот на податоците на поединецот | Агенцијата презема низа активности за усовршување на постоечкиот акредитиран мануелен план за непрекинато работење со имплементација на DRP (Disaster Recovery Plan). | Намален | Мал | ДА |
| Сервери – соодветна локација, постојана заштита, адекватно одржување, работни процедури, сигурно чување и физички пристап кои ќе обезбедат сигурност на податоците на поединецот во смисла на неавторизиран пристап и/или губење на истите | Агенцијата презема низа активности за усовршување на постоечкиот акредитиран мануелен план за непрекинато работење со имплементација на DRP (Disaster Recovery Plan). | Намален | Мал | ДА |

| Премет | Назив и датум | Забелешка |
| --- | --- | --- |
| Мерките се одобрени од: | Директор Никица Бачовски<br>02-03-2022 | |
| Преостанат ризик одобрен од: | Директор Никица Бачовски<br>02-03-2022 | |
| Совет од Офицер за заштита на лични податоци (ОЗЛП): | Иван Деспотовски<br>21.02.2022г. | Во прцесот на изработка да се консултира Правилникот за процесот на проценка на влијанието на Заштитата на личните податоци, донесен од Агенцијата за заштита на лични податоци. |
| Резиме на ОЗЛП совети: Со оглед на тоа што во процецот на изработка се консултирани документите за анализа на ризикот на сите сектори во АФПЗРР и следена е Методологијата за спроведување на процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци, опфатени се сите аспекти на проценка на истите. | | |
| Препораките на ОЗЛП прифатени или променети од: | / | / |